**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**25ти јануари, 2010 година**

**Индекс за глобализација**
**Република Македонија**
**Ранг: 65 од 156 земји**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје го објавува Индексот за глобализација 2010 подготвен од страна на КОФ.
И оваа година повторно Белгија, е прва во Индексот за глобализација. Австрија која беше на 3-тото место минатата година, оваа година е рангирана на второто место. Оваа година Луксембург е еден од понапредните, имено се искачи од 21-то место на 14-то. Швајцарија се наоѓа на четвртото место во Индексот за глобализација. Додека економската и политичката глобализација напредуваат, општествената глобализација стагнира.

Индексот на глобализација КОФ ги мери економските, општествените и политичките димензии на глобализацијата. Моменталната анализа ги обработува податоците и се однесува имено на 2007 година. Според тоа, развитокот на економската криза сеуште не е вклучен. Глобализацијата во економските, општествените и политичките полиња расте од 1970-та, а посебно се зголеми кон крајот на Студената војна. Најголем скок се забележува во Источна Европа и Централна Азија во Индексот на КОФ.

Првите три позиции во Индексот на КОФ сеуште ги држат Белгија, Австрија и Холандија. Република Македонија го направи најголемиот скок од дури 25 места, односно на ранк 65 од 156 земји. Според економската глобализација Македонија се наоѓа на 62-то место, според општествената глобализација се наоѓа на 52-то место, а додека пак според политичката глобализација се наоѓа на 141-то место. Од индустрилијазираните земји, Норвешка се симна за 4 позиции и се рангираше на 20-тото место. Мајнмар, Кирибати и Соломонските острови се на дното на листата.

Од земјите во соседството само Албанија е позади Република Македонија имено на 94-тото место. Словенија е на 28, Хрватска на 29, Грција на 31 место, Бугарија на 32 место, Србија на 51 и Босна и Херцеговина на 58.

---

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk